РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 14-04-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-52/1 | | | |

307

( Образец ПП......)

До Општина Битола
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер: СТАТУС НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ ВО СОМУ „Д-р ЈОВАН КАЛАУЗИ" - НЕНАСТАВЕН КАДАР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ, СО БРОЈ И ДАТУМ НА СОГЛАСНОСТА, ОСНОВОТ НА ЗАСНОВАЊЕ И ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТНИОТ ОДНОС КОЈ Е ВО ТЕК.
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:--

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
----------------------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола

Датум 14.04.2022 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Снежана Петровска
Раководител на сектор за економски развој,
јавни дејности и информатичка технологија

Бр.11-52/2
14.04.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-52/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од .

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

14.04.2022г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-05-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-52/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Битола,04.05.2022 год.
Бр.41-125/5

До
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Предмет:Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис Бр.11-52/2 од 14.04.2022 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од во прилог Ви го доставувам одговорот од СОМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битола.

Со почит,

раководител
Снежана Петровска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Република Северна Македонија
Општинско средно медицинско училиште
"Д-р Јован Калаузи"
Број 03-249/2
Од 20.4.2022 година
Б и т о л а

ДО
ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
**БИТОЛА**

ПРЕДМЕТ: Доставување податоци

ВРСКА: Вашиот број 41-125/3 од 14.4.2022 година

Во врска со Вашето барање за достап до информации од јавен карактер за ненаставен кадар, односно статусот на лицата вработени на определено време, со број и датум на согласноста за вработување, основот на заснование и почеток на работниот однос кој е во тек, Ве известуваме дека во моментот во училиштето има три лица кои можат да бидат опфатени во рамките на вкупните карактеристики од наведеното барање и тоа на работните места: хигиеничар, сметководител и благајник, односно како што е прикажано во наведената табела:

| **статусот на лицата вработени на определено време** | **Број и датум на согласноста за вработување** | **основот на заснование на работниот однос** | **Почеток на работниот однос кој е во тек** |
|---|---|---|---|
| хигиеничар | 41-56/3 од 15.2.2022 г. на Градоначалникот на Општина Битола | Определено работно време | 3.3.2022 г. |
| благајник | 41-267/3 од 28.7.2020 г. на Градоначалникот на Општина Битола | Определено работно време | 11.9.2020 г. |
| сметководител | 41-267/3 од 28.7.2020 г. на Градоначалникот на Општина Битола | Определено работно време | 25.9.2020 г. |

Во врска со прикажаната фактичката состојба наведуваме дека на работното место хигиеничар е вработено лице на местото на починат работник и за тоа работно место имаме побарано согласност која сè уште ја немаме добиено.

Во врска со работните места сметководител и благајник Ве известуваме дека е почната постапка за вработување во согласност со Агенцијата за вработување, иницирана со наше барање број 03-254/1 од 19.4.2022 година.

Би додале дека досега не беше реализиран јавен оглас за вработување на административни работници бидејќи на Годишниот план за 2021 година немавме добиено согласност. Во текот на 2021 година повторно ја актуелизиравме потребата за вработување на тие две работни места и затоа училиштето поднесе барање за добивање согласности за вработување на неопределено време, но имајќи го во предвид известувањето од

Министерството за образование и наука дека барањата треба да кореспондираат со планот за вработување за 2022 година.

Училиштето доби согласност за вработување за наведените две работни места со број 18-10590/2 од 17.12.2021 година на Министерството за финансии, а исто така на ден 16.12.2021 година доби согласност за Планот за вработување за 2022 година, број 09-2670/6 (без читлив датум) од Министерството за информатичко општество и администрација. Веднаш по добивањето на двете согласности, училиштето пристапи кон соодветни измени на актот за ситематизација, а согласностите се со број 09-975/4 и 09-975/5 и двете од 6.4.2022 година.

Како што напоменавме, постапката во врска со реализацијата на вработувањата на тие работни места е веќе почната и во очекување сме на наредните чекори што треба да ги преземе Агенцијата за администрација.

Треба да се има во предвид дека за целото времетраење на активностите на барање и добивање потребни согласности, потребата од административните работници беше неопходна заради извршување на секојдневните финансиски обврски поради постојаното реализирање на јавни набавки и други активности, со напомена дека потребата е триплицирана со оглед на фактот дека лицето на работното место сметководител, тие работни задачи ги извршува покрај во медицинското училиште, и во ОУ Трифун Пановски и во ОУ Славко Лумбарковски во Новаци.

Ви благодариме за разбирањето.

Со почит,

Директор

Наташа Илиева

---------------------------

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-52/4
04.05.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на **14.04.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Статус на лицата вработени во СОМУ „Д-р Јован Калаузи“ – ненаставен кадар на определено време, со број и датум на согласноста, основот на заснование и почетокот на работниот однос кој е во тек.**(детален опис на прашањето во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-52/1
2. Допис до Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија со бр.11-52/2 од 14.04.2022
3. Одговор од Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија со бр.11-52/3 од 04.05.2022 со прилог документација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 04.05.2022 година, под бр. 11-52/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**